CAM | CHAMBER O
ACCOUNTAN
MACEDONIA

**Датум: 27.1.2025**

До:
Министерство за финансии на Република Македонија
Министер за финансии Гордана Кочоска Димитриеска

**Предмет: Барање за итна средба за презентирање на проблеми со кои се соочуваат сметководителите и овластените сметководители согласно работата на Институтот за сметководители и овластени сметководители**

Почитувана г-ѓа Кочоска Димитриеска,

Комората на сметководители на Македонија во континуитет се залага за подобрување на состојбата на сметководствената професија и активно делува за заштита на интересите на сметководителите и овластените сметководители.

Во таа насока Ви се обраќаме во име на сите засегнати сметководители и овластени сметководители кои ја извршуваат професионално својата дејност на територијата на Македонија и бараме итна средба со Вас, како би можеле да Ви ги презентираме проблемите со кои се соочуваме во овој период поради самоволното и противзаконско постапувањето на Институтот на сметководители и овластени сметководители.

Во период на поднесување на завршни сметки за 2024 година од страна на сметководителите, Институтот на сметководители и овластени сметководители спроведува дисциплински мерки – времено бришење од соодветниот регистар во траење до една година со што ги брише од евиденција сметководителите и овластени сметководители кои имале недостаток на часови за континуирано професионално усовршување, и истата ја доставува во Централен Регистар, без да бидат претходно уредно известени тие сметководители и овластени сметководители од страна на Институтот и без можност да поднесат приговор.

Согласно член 33 од Правилникот за дисциплинска одговорност, издаден од страна на Институтот на сметководители и овластени сметководители заведен под број У.О 0202/040-1 од 18.2.2024 година, **изречената конечна дисциплинска мерка му се доставува на сметководителот односно овластениот сметководител** против кој е изречена мерката, а истата се објавува во вид известување и на веб страната на Институтот и се запишува во соодветниот Регистар.

Исто така, согласно член 38 од истиот Правилник за дисциплинска одговорност, дозволено е право на приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, каде што е наведено дека приговорот **го одлага** извршувањето на одлуката за изречената казна до донесување на кончната одлука по жалба.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup 27-01- 2025

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| | | | |

Наместо постапување по Закон и подзаконски акти, ИСОС од позиција на моќ грубо се поигрува со егзистенцијата на речиси 3.000 сметководители и овластени сметководители кои се времено избришани од регистарот, а за сето ова молчи и Советот за унапредување и надзор на сметководството.

Ние се залагаме за ред во професијата, но ваквото постапување на раководството на ИСОС е самоволно, надвор од прописите и резултира само со дополнителна правна несигурност кај обврзницитте за водење на сметководствена евиденција кои зависат од услугите на колегите сметководители и овластени сметководители.

Уште еднаш потенцираме дека со ваквото постапување од страна на раководството на ИСОС кое после одлуката на Уставниот суд за укинување на Правилникот (У. бр. 170/2024 од 30.10.2024, а објавена во Службен Весник 229/2024 од 12.11.2024) по кој се издаваа лиценци година дена station наназад, сеуште одбива да понесе одговорност и да го усогласи своето работење со законските прописи и со реалноста на ситуацијата во која се наоѓа фелата, е директно повредена постапката од член 33 и 38 од Правилникот за дисциплинска одговорност кој самото раководството на ИСОС го донесе.

**Од горенаведените причини неопходна е итна средба со Вас, како ресорно министерство под чии ингеренции спаѓа нашата професија, а поради итноста на ситуацијата бараме средбата да биде најдоцна до 3.2.2025 година, во спротивно ќе бидеме приморани да преземеме подрастични мерки со цел исполнување на нашите законски и уставни права.**

Со цел надминување на оваа новонастаната ситуација и избегнување на дополнителни негативни последици во однос на стопанството, а секако и на државната каса, очекуваме позитивен одговор од Ваша страна, како наш партнер за соработка и помош.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Лице за контакт: Александра Иванова 078 746-554;
Mail: info@smetkovoditel.com.

Со почит,

______________________

Благоја Грозданов, претседател
Комора на сметководители 27.01.2025